# ИЗРАЕЛ и ЈОРДАН

**05.10 – 12.10.2023 | 6 ноќи - 7 дена | Лет од Скопје**

**ВИТЛЕЕМ + ЕРУСАЛИМ + МРТВО МОРЕ + АМАН + ПЕТРА + ВАДИ РУМ + АКАБА**



| | |
|---|---|
| **Авионски лет:** | **Turkish Airlines (Скопје – Истанбул – Тел Авив – Акаба – Истанбул - Скопје)** |
| **Поаѓање:** | **05.10.2023 во 08:40ч. (Скопје)** |
| **Пристигнување:** | **05.10.2023 во 16:10ч (Тел Авив)** |
| **Услуга:** | **6 ноќевања – 6HB** |
| **Сместување (услуга)** | **3 ноќи Витлеем 4*  *(Полупансион)*** |
| | **2 ноќи  Аман 4* *(Полупансион),*** |
| | **1 ноќ Вади Рум 4* *(Полупансион)*** |
| **Друго вклучено:** | **Трансфери + вклучени разгледи според програма + претставник од Македонија** |
| **Враќање во Скопје:** | **12.10.2023 во 07:50ч.** |

**ИЗРАЕЛ** - Земја каде се преплетуваат минатото и сегашноста, неверојатно разновидна и многу драматична. Иако по површина е мала, оваа земја е од непроценливо значење за припадниците на трите најголеми светски религии , бидејќи во Израел се вкрстуваат патиштата на Еврејските, Муслиманските и Христијанските Ации.
Не случајно го добила името ,,Света земја'', бидејќи нејзината суштина се базира на духовната традиција.  Израел е една од најфасцинантните, најинтригирачки и најсложени земји во светот. Географски е мала, но општествено, историски и геополитички претставува единствена асоцијација на контрастни атрибути меѓу народите и културите во светот.Тел Авив, Витлеем, Мртво Море и реката Јордан, Виа Долороса, се само дел од она за што вреди да се види и доживее во оваа, по многу нешта специфична земја. Од фасцинантни градови, како оние создадени пред Христос па се до денешните модерни метрополи, восхитувачки културно-археолошки локалитети, неверојатни  историски случувања кои личат на легенди, инспиративни пејсажи.. Средбата со Израел во живо е патување за сите оние кои сакаат да знаат и да доживеат, за авантуристи кои ги препознаваат културните вредности без предрасуди, за оние кои сакаат да го обиколат светот.  Денес Израел е модерна земја со исклучителна убавина и непроценливо наследство која ја посетуваат милиони туристи од целиот свет.

**ЈОРДАН -** древна земја со посебен шарм и неверојатна историја. Полна е со легенди и традиции, богато културно наследство и архитектонски атракции, прекрасни плажи на Црвеното Море и лековити води на Мртвото Море. Заслужено зазема посебно место во развојот на светските цивилизации и религии.

**Петра -** фасцинантна по својата убавина, привлекува милиони посетители, а целиот град е како уметничко дело насликано на платно од природен камен. Откриена е во 1812 година од швајцарскиот истражувач Јохан Буркхарт, Петра сè уште продолжува да не изненадува со своите тајни и убавини! Сместена е на листата на УНЕСКО но и на листата на седумте светски чуда. Колку и да читате за неа, колку и да е добро и детално опишано, не може да се спореди со чувството и возбуда кога ќе ја ГЛЕДАТЕ ВО ЖИВО! Дали сте подготвени за оваа авантура?

**Вади Рум** или познат како „Долината на Месечината“,е арапска бајка која чека да биде откриена. Дом на номадските бедуински племиња. Некогаш населен со Набатејци од праисторијата, Вади Рум ви овозможува да се изгубите во големите пејсажи. Спокојството на пустината сигурно ќе ви го смири духот и ќе ви ги ослободи мислите.

## 1 ден (05.10): СКОПЈЕ – ИСТАНБУЛ – ТЕЛ АВИВ

Состанок на патниците на Скопскиот Аеродром според претходно договорено време. Полетување за Истанбул во 08:40 часот со лет ТК1004. Пристигнување во Истанбул во 11:10 часот. Полетување за Тел Авив во 14:00 и предвидено пристигнување во 16:10. По завршување на пасошки и царински контроли, организиран трансфер до хотел во Витлеем. **Вечера**, **ноќевње**.

## 2 ден (06.10): ВИТЛЕЕМ – МАСЛИНОВАТА ГОРА – НОВИОТ ГРАД – ЕИН КАРЕМ

Појадок. Посета на Пештерата со Јаслите во Црквата на Светото Рождество во Витлеем, од каде продолжуваме кон Маслиновата Гора каде ќе имаме можност за прекрасен панорамски поглед на вечниот Свет Град. Продолжуваме кон Светите Олтари на Маслиновата Гора, Оче Наш, Капелата Dominos Flavit и Базиликата на Агонијата во Гециманската Градина, позната како Базилика на Сите Нации. Во Гециманската Градина Исус ги поминал последните часови пред да биде уапсен. Посета на гробот на Мајката Божја кој се наоѓа под земја а на површината е само влезот. Во гробот се наоѓаат и гробовите на нејзините родители Св.Ана и Св.Јоаким и гробот на Св.Јосиф. Гробот на Богородица е празен бидејќи од него телото на Богородица се вознесло на небото. Доколку доволува времето посета на Ein Karem, живописно село родното место на Св. Јован Крстител. Враќање во хотел. **Вечера. Ноќевање**

## 3 ден (07.10): СТАРИОТ ГРАД – ПЛАНИНАТА ЗИОН – ЕВРЕЈСКИ КВАРТ – ЗАПАДНИОТ ЅИД

По појадокот, заминување на целодневна пешачка тура – прошетка низ Светиот Град по Via Dolorosa – патот на Христовото Страдание. Ќе влеземе во Кулата Antonia, затворот каде Исус ги поминал последните часови пред да биде осуден, па повторно, по Патот на Крстот, Via Dolorosa, ке стигнеме до Базиликата на Светиот Гроб. Тука ќе ги посетиме Голгота, плочата на миропомазувањето и Христовиот Гроб. Ќе продолжиме во посета на Калвари и Празниот Гроб, Планината Зион и Еврејскиот кварт. Ќе влеземе во собата каде се одржала Последната Вечера а потоа ќе продолжиме преку еврејскиот кварт до Западниот Ѕид (Ѕидот на плачот), најголемото Еврерјско светилиште. Враќање во хотелот. **Вечера. Ноќевање**

## 4 ден (08.10): ВИТЛЕЕМ – КРШТЕВАЊЕ ВО РЕКА ЈОРДАН – МОСТ АЛЕНБИ – МРТВО МОРЕ – НЕБО – МАДАБА - АМАН

По појадокот се упатуваме кон нови возбудливи дестинации. Пред да го напуштиме Израел, ќе имаме можност за крштевање во светите води на реката Јордан. Од таму продолжуваме кон Јордан, преку мостот Аленби и се упатуваме кон Мртвото море, најниската точка во светот каде што ќе имате можност да уживате во благодетите на солената лековита вода. Го продолжуваме нашето патување до Планината Небо, една од најзначајните локации за верниците од целиот свет, место каде пророкот Мојсие е погребан. Од таму се упатуваме кон Мадаба, позната како Градот на Мозаиците Посета на Мадаба, оддалечена 30 км од Аман, а која се протега крај Кралскиот пат, стар 5000 години и претставува една од најзначајните локации во оваа Света Земја. Продлжуваме со пат кон Аман сместување во хотел. **Вечера. Ноќевање.**

## 5 ден (09.10): АМАН – ЏЕРАШ

По одморот и појадокот се упатуваме кон Џераш, градот кој своето златно време на цивилизација го доживува за време на Римското царство, кога е познат и како Гераса, а денес претставува официјално еден од најдобро зачуваните провинциски градови на Римската империја, сокриен со векови под златните песоци на Јордан пред повторно да биде откриен и достапен на светската јавност. Потоа продолжуваме со разглед на Аман, престолнината на Кралството Јордан... Ќе запознаеме со културата на Хашемитското кралство, со посета на Цитаделата, Римскиот театар, старата џамија, но и со посета на новиот модерен дел на Аман. Враќање во хотел. **Вечера. Ноќевање.**

## 6 ден (10.10): АМАН – ПЕТРА – ВАДИ РУМ

По појадокот се одјавуваме од хотелот и се упатуваме кон „Розевиот Град“ Петра, најубавиот град некогаш изграден од човечка рака на Набатејците, а целиот вдлабен во карпи. Посетата започнува со прошетка до Сик, најпознатиот теснец во светот, овековечен и во голем број на филмови, влезот на Градот Петра кој нуди неверојатни пејзажи, визури и искуство кое се памети. Додека шетате долж 1 км долгата патека, над вас бдеат карпите високи и повеќе од 80 м. Боите кои се прелеваат и убавината која природата ја дарила на ова место, се едни и единствени. Кон крајот на Сик, пред нас ќе се појави најспектакуларната глетка, Ал Казнеа (Трезорот) - едно од најфотографираните места во светот. Прошетката низ Петра продолжува покрај улицата на фасадите, кралските гробници, театарот, судницата... Вкупната должина е окулу 4км по правец. По посетата на Петра се упатуваме кон Вади Рум и поминуваме покрај Седумте Столбови на Мудроста, именувани од Лоренс од Арабија. Сместување во хотелски камп сред пустина. Слободно време и можност за уживање во уникатното пустинско опкружување. **Вечера**. **Ноќевање** во хотел.

## 7 ден (11.10): ВАДИ РУМ – АКАБА

Рано наутро, пред изгрејсонце заминуваме на 2 часовно возење со 4×4 џипови низ пустината. Продолжуваме кон прекрасниот природен лавиринт од монолитски карпи, на некои места високи и по 1750 м, идеални за планинарење и спортско качување. Гостите може да уживаат во мирните прошетки по непрегледната долина на карпести формации, да ги откријат кањоните и цртежите во карпите стари и по 4000 години. Враќање во кампот. По појадокот се одјавуваме од хотелот и го продолжуваме патувањето кон Акаба. Панорамси разглед на Акаба. По завршуваљ ена разгледот, слободно време до трансфер или пак можност за организирана посета и поминување на остатокот на денот на плажите на Црвеното Море. Трансфер до аеродром.

**8 ден (12.10): АКАБА – ИСТАНБУЛ - СКОПЈЕ**
Полетување кон Истанбул со лет ТК 819 во 01:40. Слетување во Истанбул. Продолжување на летот кон Македонија со ТК 1003 кон Скопје во 07:50. Слетување во Скопје.

| | | |
|---|---|---|
| **ХОТЕЛ 4*** | **ПЕРИОД НА ПАТУВАЊЕ** | **05.10 – 12.10.2023** |
| | **ПЕРИОД НА ПРЕСТОЈ** | **05.10 – 11.10.2023** |
| | **УСЛУГИ** | **6 НВ** |
| | **НОЌЕВАЊА / ДЕНОВИ** | **6Н / 7Д** |
| **Цена по лице во двокреветна соба** | | **1.655 € / 102.610 мкд** |
| **Цена по лице во двокреветна соба за резервации до 30.09** | | **1.555 € / 96.410 мкд** |
| Попуст за трето ворзрасно лице | | -50 € / -3.100 мкд |
| Доплата за еднокреветна соба | | 350 € / 18.600 мкд |

**Цената влучува:**
- Повратни авионски билети од Скопје до Тел Авив и од Акаба до Скопје преку Истанбул со Turkish Airlines.
- Аеродромски такси.
- Чекиран багаж 30кг + рачен багаж.
- Трансфер според програмата.
- 6 ноќевања во Хотели со 4* на база Полу пансион
- Посета на сите наведени локации во програмата со вклучени влезници
- Возење со џипови во траење од 2 часа во пустината Вади Рум
- Јавање на коњи во Петра
- локален професионален водич на Српско – Хрватски јазик
- виза за Јордан
- Излезна Такса од Израел
- Техничка придружба - Пратител на групата, доколку брои над 15 патници.

**Цената не вклучува:**
- Дополнителни оброци и пијалоци кои не се наведени во програмата.
- Задолжително патничко осигурување.
- Евентуални факултативни излети организирани на лице место (*посета на beach club во Акаба 35 еур)
- Бакшиши за локалните возачи и водичи 50 еур

**Забелешки:**
- Организатор на ова патување е АУРОРА Турс.
- **Минимален број на патници за реализирање на програмата е 20 лица**
- Доколку не се оствари минималниот број на патници, организаторот го задржува правото да го откаже аранжманот, да ја корегира цената или да изврши промени во аранжманот.
- За резервации потребен е аванс од 30% од вкупнот износ.
- Целосна уплата, најдоцна триесет (30) дена пред почеток на патувањето.
- Програмата и редоследот на разгледи и посети може да претрпи промени во зависност од состојба на терен и други објективни причини.
- Организаторот на патувањето го задржува правото да ја промени цената на аранжманот доколку дојде до промена на цените на авионските билети, или доколку настане поголема промена во девизниот курс..

**За оваа програма важат Општите Услови на Патување на Аурора Турс.**